**ЛИКОВЕН ЕСЕЈ**



# ДА СЕ БИДЕ „IN“

***Актуелните појави во македонската современа уметност, или константно и некритично „трчање по Запад“.***

Денешната брза и масовна продукција на сè и сешто условува контрадикторни нус-продукти. Конкретно во уметноста: создавачката еуфорија е сè помалку проследена со оригинални идеи. Во овој случај, не сакам да спорам за вредноста на идејата како таква, иако е повеќе од евидентно дека таа (вредноста) се губи во претераното повторување на еден ист концепт, секогаш и одново промовиран како нешто ново. Експлозијата на идеи - проекти - концепти (кој како сака) во уметноста, кај нас, предизвикува низа „последици“ од типот на high анд low, како и некритично прифаќање на многу работи.

За контрадикторноста: настојувајќи да се прикаже разновидноста на уметноста, се прикажуваат само нејзините „најпопуларни“ видови. Тоа се: веќе испробаниот и понекогаш истрошен минимализам (конструктивизам, примарни структури), секогаш модерниот концептуализам и електронската уметност како нешто најново и, во моментов, најпопуларно. Притоа, инсталациите и видеото се неприкосновени носители на „оригиналниот“ израз на секој автор што се смета за ин. Малку е нејасно зошто толку кај нас, сè уште, се инсистира на традиционалниот минималистички израз кога се знае дека овој термин опишува уметнички објекти што ја втемелуваат сопствената уметничка вредност врз парадоксалниот недостаток на уметничка содржина? Или, пак, се жртвува естетскиот впечаток за сметка на умствената содржина, која станува поважна од која било друга порака што чувствата можат да ја перципираат. „Дете“ на оваа концептуална уметност е инсталацијата, како просторност, во комбинација со видеото или со што било друго. Видеото, пак, со поседување на способноста да снима и да репродуцира одреден настан во некое друго време и простор е подложно на секаков вид експерименти во кои гледачот се имплицира како директен „потрошувач на спектаклот“. Во однос на концепцијата и нејзиното „проширено поле на нарација“, следува и ангажираност во која било област, при што многу често се претерува.

Толку за модерните струења кај нас. Инфолатријата и поклониците на помодарството се закануваат сосема да ги исклучат останатите видови уметност: цртеж, колаж, асамблаж, графика, скулптура, перформанс, хепенинг... Најверојатно, затоа што им помина времето. Ваквиот став е сосема личен и не е секогаш оправдан, бидејќи секогаш постојат дела што го заслужуваат и го оправдуваат вниманието. А понатаму... што? Најверојатно, сè почестите манифестации поврзани со цбер спаце технологијата ќе отвораат нови уметнички простори и ќе поттикнуваат нови творечки потреби да се биде ин.

Маја ЧАНКУЛОВСКА

S.2, 1282, 19.4.197